**20121243042**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 84-а став (9) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК СО ПРИРЕДУВАЊЕТО НА ИГРИТЕ НА СРЕЌА ВО ОБЛОЖУВАЛНИЦА ВО ДЕЛОВНАТА ПРОСТОРИЈА КОЈА СЕ КОРИСТИ КАКО УПЛАТНО-ИСПЛАТНО МЕСТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во обложувалница во деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место.

Член 2

Барањето за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место, се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31444/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**БАРАЊЕ**
**за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во обложувалница во деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место**

Од_______________________________________________________________
(назив на трговското друштво подносител на барањето)

_______________________________________________________________
(седиште на трговското друштво подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 84-а став (7) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри да постапите по барањето за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во обложувалница во деловната просторија која се користи како уплатно-исплатно место, за што во прилог на ова барање ги доставувам документите пропишани со член 84-а став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Датум и место

Подносител на барањето
______________________________